# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СКРИПТА „ФИНАНСИСКИ ИНВЕСТИЦИОНЕН МЕНАЏМЕНТ”ОД АВТОРИТЕ Д-Р МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА , Д-Р МИЧО АПОСТОЛОВ И М-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-207/11 од 131. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 3.4.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Димитар Ефтимовски, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола;
– проф. д-р Мирослав Гвероски, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола;
– доц. д-р Анета Ристеска, доцент на Економски факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **скрипта „Финансиски инвестиционен менаџмент”** од **авторите д-р Марија Магдинчева-Шопова, д-р Мичо Апостолов и м-р Душко Јошески** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата, односно ракописот „**Финансиски инвестиционен менаџмент**” се состои од 203 страници и содржи 40 табели и истиот е конципиран во 8 тематски единици предвидени за настава и вежби на студентите, на кои вежби тие ќе го изведуваат она што е нивна задача. Ракописот е наменет за студенти на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на насоките на **студиските програми** каде што се слуша предметот Финансиски инвестиционен менаџмент со фонд на часови 2+2+1, како задолжителен на насоката Бизнис логистика и изборен на насоката Бизнис администрација и туризам (2+1+1). Предвидените вежби, како практичен дел за студентите, се компатибилни и согласни со теоретските предавања и материјалот опфатен во Практикумот по финансиски и инвестиционен менаџмент. На овој начин им се овозможува на студентите да добијат јасна слика и сеопфатност на материјалот кој е предвиден за наставата по предметот Финансиски инвестиционен менаџмент. Овој ракопис, покрај теоретските, нуди и практични базични знаења по предметот Финаниски и инвестиционен менаџмент.

Во првиот дел **Инвестиционен проект и инвестиции** од овој ракопис, објаснети се: поимот и опфатот на инвестициите, начините за зголемување на капиталниот фонд на претпријатието, понатаму значењето на поимот инвестиции, портфолио инвестициите, директното инвестирање, видовите на инвестиционите проекти и елементите на инвестициониот проект.

Во вториот дел **Циклус на инвестициониот проект (инвестиционен циклус)** се објаснуваат: фазите на инвестициониот циклус, периодот на инвестирање, економската содржина на инвестициониот циклус, фазата на инвестициска подготовка, фазата на инвестициона изведба, фазата на експлоатација на проектот, типичните активности за инвестициониот процес и потребната документација, студијата на можности за инвестирање, физибилити студијата (содржината и структурата) и е дадена шемата на инвестиционата програма.

Во третиот дел **Анализа на релевантните фактори за изводливост на инвестиционите проекти** се објаснуваат: анализата на релевантните фактори за изводливост на проектот, оценката на инвестиционата способност на инвеститорот, анализата на пазарот и маркетингот, снабдувањето со потребните инпути, изборот на локација за капацитетот, изборот на технологија и технолошки процес, утврдувањето на големината на капацитетот, еколошките карактеристики на инвестициониот проект и човечките ресурси во инвестициониот проект.

Во четвртиот дел **Економско-финансиска анализа на инвестиоционииот проект** се објаснуваат: финансирањето на проектот и трошокот на капиталот, опортуните трошоци во инвестирањето, трошокот на капиталот финансиран со обврзници, трошокот на капиталот финансиран со преференцијални акции, понатаму методот на наградување на приносот од безризичните инвестиции со премија за ризикот, *CAPM (Capital Asset Princing Model)* и WACC методот или Weighted average cost of capital. Понатаму се објаснува проектирањето и содржината на паричниот тек, како и утврдувањето на потребните инвестициони средства, проектирањето на трошоците, проекцијата на резидуалната вредност на инвестициониот проект, проекцијата на билансот на состојба и успех, проекцијата на готовинскиот тек и оценката на ликвидноста на проектот, проекцијата на дисконтираниот готовински тек и рентабилноста на сопствениот капитал.

Во петтиот дел **Критериуми за вреднување на инвестициите** се објаснуваат: периодот на враќање на инвестициите, методите за пресметка на повратот на инвестициите и објансување на нивните силни и слаби страни. Се објаснува и пресметката на периодот на враќање на инвестициите пресметан преку дисконтираниот тек на нето-приливи, просечната стапка на принност на инвестициите  и друго.

Во шестиот дел **Инвестиционите критериуми кои се базираат врз концептот на сегашната вредност на парите** се објаснуваат: временската вредност на парите, проценката на дисконтната стапка или стапката на актуализација, влијанието на инфлацијата, нето-сегашната вредност на проектот и позитивните и негативните страни на NPV или net present value критериумот.

Во седмиот дел **Индекс на профитабилност на проектот** се објаснува пречистениот индекс на профитабилност или релативната нето-сегашна вредност. Понатаму се објаснуваат методолошките основи за интерната стапка на рентабилност и техниката за пресметка на IRR, како и силните и слабите страни на овој критериум. Понатаму се објаснува односот меѓу трите критериуми: нето-сегашната вредност, интерната стапка на рентабилност и индексот на профитабилност, како и конфликтноста помеѓу NPV и IRR критериумот за проекти кои меѓусебно се исклучуваат.

Во осмиот дел се обработува темата на **Развој на инвестициската анализа.** Овој проблем е многу важен, поради инвестицискиот ризик. Во овој дел се објаснуваат: очекуваните приноси од инвестиционииот проект, пристапите за приспособување на пристапите на ризикот, сензитивната анализа, сценарио-анализата, симулациона анализа, методот на приспособена дисконтна стапка на ризикот, прагот на рентабилност и критериумите minmax, и maxmax, како и компромисниот критериум помеѓу нив.

Ракописот е напишан на ниво кое е разбирливо за студентите по предметот Финансиски инвестиционен менаџмент, но и за сите кои имаат потреба од доедукација од оваа област. Материјалот е пишуван на македонски јазик и истиот може да го користат и студентите од другите единици на Универзитетот „Гоце Делчев" каде што се изучува или во иднина ќе се изучува предметот.

Ракописот по својот обем и содржина, како и според бројот на часови предвидени за гореспоменатиот предмет, ги задоволува критериумите и е според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

## З А К Л У Ч О К

Од досега наведеното, Комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот „Финансиски инвестиционен менаџмент“, поднесен од авторите доц. д-р Марија Магдинчева-Шопова, доц. д-р Мичо Апостолов и асс. докторанд м-р Душко Јошески е наменет за студентите запишани на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Скриптата е конципирана по однапред утврдени наставен план и програма. Во овој ракопис детално се разработени методите што се користат во инвестиционата анализа и финансиската анализа на инвестициониот проект, исто така објаснет е и инвестицискиот циклус.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Финансиски инвестиционен менаџмент“ од авторите доц. д-р Марија Магдинчева-Шопова, доц. д-р Мичо Апостолов и асс. докторанд м-р Душко Јошески и да овозможи истиот да се користи во наставата по предметот Финансиски инвестиционен менаџмент како **рецензирана скрипта.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Димитар Ефтимовски, с.р.**
**Проф. д-р Мирослав Гвероски, с.р.**
**Доц. д-р Анета Ристеска, с.р.**